SONY

4-460-924-12(1) (MK)

# Аудиосистем за домашна употреба

Упатство за работа

©2013 Sony Corporation

CMT-S20

MK

http://www.sony.net/

## ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

Не покривајте го отворот за вентилација на уредот со весници, прекривки, завеси, итн. за да го намалите ризикот од пожар. Не изложувајте го уредот на извори на отворен оган (на пример, запалени свеќи).

Не изложувајте го уредот на капење или прскање и не поставувајте предмети наполнети со течност врз него, како на пример, вазни за да го намалите ризикот од пожар или електричен удар.

Не поставувајте го уредот во ограничен простор, како полица за книги или вграден шкаф.

Поврзете го уредот со лесно достапен штекер за наизменична струја бидејќи главниот приклучок се користи за да се исклучи уредот од довод за напојување. Веднаш исклучете го главниот приклучок од штекерот за наизменична струја ако забележите неправилности кај уредот.

Не изложувајте ги батериите или уредите со поставена батерија на прекумерна топлина, како на пример, сончева светлина или оган.

Уредот не е исклучен од главната електрична мрежа сè додека е поврзан во штекерот за наизменична струја, дури и ако самиот уред е исклучен.

## ВНИМАНИЕ

Употребата на оптички инструменти со овој производ ќе ја зголеми опасноста од повреда на очите.

CLASS 1 LASER PRODUCT
LUOKAN 1 LASERLAITE
KLASS 1 LASERAPPARAT

Овој апарат е класификуван како производ од CLASS 1 LASER. Оваа ознака е поставена на надворешната површина одзади.

### Известување за потрошувачите: следните информации се применливи само за опремата продадена во земјите што ги применуваат директивите на ЕУ.

Овој производ е произведен од или во име на Sony Corporation, 1-7-1 Konan Minato-ku Tokyo, 108-0075 Japan. Прашања поврзани со усогласеноста на производот со законодавството на Европската унија, треба да се упатат до овластениот претставник, Sony Deutschland GmbH, Hedelfinger Strasse 61, 70327 Stuttgart, Germany. Повикајте се на адресите дадени во засебните документи за услуга или гаранција за какви било проблеми со услугата или со гаранцијата.

### Фрлање на стара електрична и електронска опрема (применливо во Европската унија и во други европски земји со засебни збирни системи)

Овој симбол на производот или на неговата амбалажа посочува дека со овој производ не треба да се постапува како со домашен отпад. Наместо тоа, треба се предаде на применливото збирно место за рециклирање на електрична и електронска опрема. Со правилно отстранување на овој производ ќе помогнете да се спречат потенцијални негативни последици за животната средина и за здравјето на луѓето кои инаку може да се предизвикаат со несоодветно постапување со отпадот на овој производ. Рециклирањето на материјалите ќе помогне при заштита на природните богатства. Контактирајте со локалната месна заедница, со канцеларијата за отстранување домашен отпад или со продавницата каде што го купивте овој производ за подетални информации околу рециклирањето на овој производ.
Применлива дополнителна опрема: Далечински управувач

Само за Европа

### Фрлање на потрошените батерии (применливо во Европската унија и во други европски земји со засебни збирни системи)

Pb

Овој симбол на батеријата или на пакувањето посочува дека батеријата што се доставува со овој производ не треба да се третира како домашен отпад.
Овој симбол може да се користи во комбинација со хемиски симбол кај определени батерии. Хемиските симболи за жива (Hg) или олово (Pb) се додаваат ако батеријата содржи повеќе од 0,0005% жива или 0,004% олово. Со правилно отстранување на овие батерии ќе помогнете да се спречат потенцијално негативни последици за животната средина и за здравјето на човекот коишто инаку може да се предизвикаат со несоодветно постапување со отпадот на батеријата. Рециклирањето на материјалите ќе помогне за заштита на природните богатства.
Во случај кога производите бараат трајна поврзаност со вметната батерија, оваа батерија треба да ја замени само квалификувано лице заради безбедност, функционалност или интегритет на податоците. За да бидете сигурни дека со батеријата ќе се постапи соодветно, предадете го потрошениот производ на применливото збирно место за рециклирање на електрична и електронска опрема.
Погледнете го поглавјето за тоа како безбедно да ја отстраните батеријата од производот за сите други видови батерии. Предадете ја батеријата на применливото збирно место за рециклирање на потрошени батерии. Контактирајте со локалната месна заедница, со компанијата за отстранување на домашниот отпад или со продавницата каде што го купивте производот за подетални информации околу рециклирањето на овој производ или на батеријата.

## Забелешка за DualDisc

DualDisc е диск со две страни што репродуцира DVD-снимен материјал на едната страна и дигитален аудио материјал на другата страна. Сепак, бидејќи страната за аудио материјал не е во согласност со стандардот за компактен диск (CD), репродукцијата на овој производ не е гарантирана.

## Музички дискови кодирани со технологиите за заштита на авторските права

Овој производ е дизајниран да репродуцира дискови коишто се усогласени со стандардот за компактен диск (CD). Во последно време, некои продукциски куќи нудат на пазарот музички дискови што се шифрирани со технологиите за заштита на авторските права. Имајте предвид дека меѓу овие дискови постојат и такви што не одговараат на стандардот за ЦД и нема да се репродуцираат на производот.

## Известување за лиценци и заштитени трговски знаци

- Технологијата за кодирање аудио според MPEG Layer-3 и патентите се лиценца на Fraunhofer IIS и Thomson.
- Windows Media е регистриран трговски заштитен знак или заштитен знак на Microsoft Corporation во Соединетите Американски Држави и/или во други земји.
- Овој производ содржи технологија којашто подлежи на одредени права на интелектуална сопственост на Microsoft. Забранета е употребата или дистрибуцијата на оваа технологија без овој производ и без соодветната лиценца на Microsoft.
- Сите други заштитни знаци и регистрирани заштитни знаци се на нивните соодветни сопственици. Во ова упатство, ознаките ™ и ® не се посочени.

**Unit**




**Remote**




Во ова упатство се објаснети операциите што се прават преку далечинскиот управувач, но истите операции може да се изведат и преку копчињата на главниот уред што имаат исти или слични имиња.

**Употреба на далечинскиот управувач**
Лизнете и извадете го капакот на одделот за батеријата и вметнете батерија R6 (големина AA) (не се доставува), прво со страната со ⊖ внимавајќи на поларитетот прикажан подолу.



**Забелешки за употребата на далечинскиот управувач**
- Со нормална употреба, батеријата треба да трае околу шест месеци.
- Ако не го користите далечинскиот управувач подолго време, извадете ја батеријата за да избегнете оштетување заради протекување и корозија на батеријата.

### Кога го пренесувате овој систем

1. Извадете го дискот за да го заштитете механизмот за ЦД.
2. Притиснете I/⏻ (вклучено/во мирување) 10 на апаратот за да го исклучите системот и да потврдите дека „STANDBY“ не трепка.
3. Извлечете го кабелот за напојување.

### Поставување на часовникот

1. Притиснете I/⏻ 10 за да го вклучите системот.
2. Притиснете TIMER MENU 25 за да го изберете режимот за поставување на часовникот.
Ако се појави „SELECT“, притискајте ⏮/⏭ 5 повторливо за да изберете „CLOCK“ и потоа притиснете ⊕ (за избор) 16.
3. Притискајте ⏮/⏭ 5 повторливо за да го поставите часот и потоа притиснете ⊕ 16.
4. Употребете ја истата постапка зада ги поставите минутите.

**Забелешка**
Поставките за часовникот се губат кога ќе го исклучите кабелот за напојување или ако снема струја.

**Приказ на часовникот кога е исклучен системот**
Притиснете DISPLAY 23. Часовникот се прикажува околу 8 секунди.

## Почеток




Ⓐ Антена за FM (Издолжете ја хоризонтално.)
Ⓑ Кон десниот звучник
Ⓒ Кон левиот звучник
Ⓓ Кабел за звучник (црвен/⊕)
Ⓔ Кабел за звучник (црн/⊕)
Ⓕ Кон штекерот

### A ANTENNA

Најдете локација и ориентација што обезбедуваат добар прием кога ја поставувате антената.
Поставете ја антена подалеку од каблите за звучниците и од кабелот за напојување за да избегнете прибирање шум.

### B Приклучок за AUDIO IN

Поврзете надворешна компонента за аудио.

### C SPEAKERS

Поврзете ги каблите за звучниците.

### D Напојување

Поврзете го кабелот за напојување во ѕиден штекер.

### Поставување на подлошките за звучниците

Наместете ги доставените подлошки за звучниците на секој агол одоздола за да спречите лизгање.



## Операции

## Репродукција на ЦД/MP3/WMA-диск

1. Изберете ја функцијата за ЦД.
Притиснете CD 22.
2. Ставете диск.
Притиснете ⏏ 6 на уредот и ставете го дискот со налепницата нагоре во одделот за ЦД.
Притиснете ⏏ 6 на уредот за да го затворите одделот за ЦД.
3. Започнете со репродукцијата.
Репродукцијата на ЦД-DA-дискот започнува автоматски.
Притиснете ► (за пуштање) 2 за да репродуцирате MP3/WMA-диск.

### Други операции

| За | Притиснете |
|---|---|
| Пауза на репродукцијата | ❚❚ (паузирање) 2. Притиснете ► 2 за да продолжите со репродукцијата. |
| Запирање на репродукцијата | ■ (запирање) 3 двапати. |
| Избор на папка на MP3/WMA-диск | 🗀 (избор на папка) +/🗀 – 20 повторливо. |
| Избор на песна или датотека | ⏮ (назад)/⏭ (напред) 5. |
| Наоѓање место во песна или датотека | Држете притиснато ◄◄ (враќање)/►► (напред) 5 во текот на репродукцијата и пуштете го копчето на саканото место. |
| Избор на повторена репродукција | REPEAT 17 повторливо сè додека не се појават „RPT 1“, „RPT FLDR*“ или „RPT ALL“. |

* само за MP3/WMA-диск

**Промена на режимот за репродукција**
Притискајте PLAY MODE 16 повторливо додека е застаната репродукцијата на плеерот. Може да изберете режим за нормална репродукција („FLDR“ за сите датотеки со MP3/WMA во папката на дискот), режим за репродукција по случаен избор („FLDRSHUF“ за случаен избор на датотеките во папката) или репродукцијата на програма („PGM“).

**Забелешка за повторена репродукција**
„RPT1“ посочува дека една песна или датотека ќе се повторува сè додека не ја прекинете репродукцијата.

**Забелешки за репродукција на MP3/WMA-дискови**
- Не зачувувајте друг вид песни или датотеки или непотребни папки на диск што содржи датотеки со MP3/WMA.
- Папките што немаат датотеки со MP3/WMA ќе се прескокнат.
- Датотеките со MP3/WMA се репродуцираат по редоследот по којшто се снимени на дискот.
- Аудиформатите што може да ги слушате со овој систем се следните:
  - MP3: наставка на датотека „.mp3“
  - WMA: наставка на датотека „.wma“
- Дури и кога името на датотеката ја содржи точната наставка, но ако вистинската датотека се разликува, репродукцијата на оваа датотека може да предизвика гласен шум и може да доведе до неправилна работа на системот.
- Максималниот број:
  - папки е 256 (вклучувајќи ја и коренската папка)
  - датотеки со MP3/WMA е 999
  - нивоа на папки (во структурата во форма на дрво за датотеките) е 8.
- Не може да се гарантира компатибилноста со сите софтвери за кодирање/пишување MP3/WMA, уреди за снимање и со сите медиуми за снимање. Некомпатибилните MP3/WMA-дискови може да произведат шум или испрекинато аудио или нема воопшто да се репродуцираат.

**Забелешка за репродукција на дискови со повеќе сесии**
Системот може да репродуцира континуирани сесии на диск кога тие се снимени во истиот формат за сесија како и првата сесија. Ако има сесија снимена со друг формат за сесија, таа сесија и сите следни нема да се репродуцираат. Имајте предвид дека дури и ако сесиите се снимени во ист формат, сепак некои сесии веројатно нема да се репродуцираат.

## Слушање радио

1. Изберете ја функцијата FM.
Притиснете FM 22.
2. Изберете станици.

**Автоматско скенирање**
Притискајте TUNING MODE 14 повторливо сè додека не се појави „AUTO“, а потоа притиснете TUNING+/TUNING– 5. Скенирањето застанува автоматски кога ќе се најде станица.




Ако скенирањето не застанува, притиснете ■ 3 за да го застанете скенирањето и потоа рачно побарајте станици (подолу).

**Рачно бирање станици**
Притискајте TUNING MODE 14 повторливо сè додека не се појави „MANUAL“ и потоа притискајте TUNING+/TUNING– 5 повторливо за да ја изберете саканата станица.

Кога ќе најдете станица којашто обезбедува RDS-услуги, името на станицата ќе се појави на приказот (само кај моделите за Европа).

**Совет**
За да го намалите статичкиот шум при слаб прием на FM-стереостаница, притискајте FM MODE 12 повторливо сè додека не се појави „MONO“ за да го исклучите приемот во стерео. Ќе го загубите ефектот на стерео, но приемот ќе се подобри.

### Претходно меморирање радиостаници

1. Изберете ја саканата станица.
2. Притиснете TUNER MEMORY 21 за да го изберете режимот за меморирање станици.




3. Притискајте PRESET+/PRESET– 5 повторливо за да го изберете саканиот претходно поставен број.
Ако друга станица е веќе доделена на избраниот претходно поставен број, таа ќе се замени со новата станица.
4. Притиснете ⊕ 16 за да ја зачувате станицата.
5. Повторете ги чекорите од 1 до 4 за да зачувате други станици.
Може да меморирате до 20 FM-станици. Веќе поставените станици се задржуваат половина ден дури и ако го исклучите кабелот за напојување или ако снема струја.

### Вклучување на веќе поставена радиостаница

Ако сте регистрирале радиостаница на број за меморирање од 1 до 6, радиостаницата ќехсе вклучи ако едноставно притиснете TUNER MEMORY NUMBER (од 1 до 6) 13 кога функцијата на системот е поставена на FM.
Ако сте регистрирале радиостаница на број за меморирање 7 или поголем, притискајте TUNING MODE 14 повторливо сè додека не се појави „PRESET“ и потоа притискајте PRESET+/PRESET– 5 повторливо за да го изберете претходно поставениот број.

## Репродукција на датотека од УСБ-уред

Аудиоформатот што може да се репродуцира на овој систем е MP3/WMA*.

* Датотеките со заштита на авторските права DRM (Digital Rights Management - Управување со дигиталните права) не може да се репродуцираат на овој систем. Датотеките преземени од музичка продавница на интернет веројатно не ќе може да се репродуцираат на овој систем.

Проверете ги веб-страниците подолу за информации околу компатибилните УСБ-уреди.
**За потрошувачите во Европа:**
http://support.sony-europe.com/
**За потрошувачите во Латинска Америка:**
http://esupport.sony.com/LA
**За потрошувачите во други земји/региони:**
http://www.sony-asia.com/support

1. Изберете ја функцијата USB.
Притиснете USB 22.
2. Поврзете го УСБ-уредот во ⭠ портата (USB) 9.
3. Започнете со репродукцијата.
Притиснете ► 2.

### Други операции

| Други операции | Притиснете |
|---|---|
| Пауза на репродукцијата | ❚❚ 2. Притиснете ► 2 за да продолжите со репродукцијата. |
| Запирање на репродукцијата | ■ 3. Притиснете ► 2* за да продолжите со репродукцијата. Притиснете ■ 3 повторно за да го откажете продолжувањето на репродукцијата. |
| Избор на папка | 🗀 +/🗀 – 20 повторливо. |
| Избор на датотека | ⏮/⏭ 5. |
| Наоѓање на место во датотека | Држете притиснато ◄◄/►► 5 во текот на репродукцијата и пуштете го копчето на саканото место. |
| Избор на повторена репродукција | REPEAT 17 повторливо сè додека не се појават „RPT 1“, „RPT FLDR“ или „RPT ALL“. |

* Кога репродуцирате датотека со формат VBR MP3/WMA, системот може да продолжи со репродукцијата од друго место.

**Промена на режимот за репродукција**
Притискајте PLAY MODE 14 повторливо додека е запрен УСБ-уредот. Може да изберете режим за нормална репродукција („FLDR“ за сите датотеки во папката на УСБ-уредот), репродукција по случаен избор („SHUF“ или „FLDRSHUF“ за случаен избор низ папката) или репродукција на програма („PROGRAM“).

**Забелешка за повторена репродукција**
„RPT ALL“ посочува дека сите датотеки со аудио на УСБ-уредот ќе се повторуваат сè додека не ја застанете репродукцијата.

**Забелешки**
- Кога е неопходно поврзување со УСБ-кабел, поврзете го УСБ-кабелот што се доставува со УСБ-уредот што треба да се поврзе. Погледнете ги упатството за работа што се доставува со УСБ-уредот што треба да се поврзе за детали околу методот на работа.
- Ќе поминат околу 10 секунди пред да се појави „SEARCH“ во зависност од типот на поврзаниот УСБ-уред.
- Не поврзувајте ги системот и УСБ-уредот преку УСБ-центар.
- Системот ги чита сите датотеки на УСБ-уредот кога е вметнат УСБ-уредот. Ќе потрае подолго за да заврши читањето на УСБ-уредот ако има многу папки или датотеки на УСБ-уредот.
- Кај некои поврзани УСБ-уреди, може да се појави одложување пред системот да ја спроведе операцијата што ќе се избере.
- Не може да се гарантира компатибилност со сите софтвери за кодирање/пишување. Ако аудиодатотеките на УСБ-уредот биле првично кодирани со некомпатибилен софтвер, таквите датотеки може да предизвикаат шум или испрекинато аудио или веројатно нема воопшто да не се репродуцираат.
- Овој систем не може да ги репродуцира аудиодатотеките на УСБ-уредот во следните случаи:
  - кога вкупниот број аудиодатотеки во папката надминува 999,
  - кога вкупниот број аудиодатотеки на УСБ-уредот надминува 999,
  - кога вкупниот број папки на УСБ-уредот надминува 256 (вклучувајќи ги папката „ROOT“ и празните папки).

  Овие броеви може да се разликуваат во зависност од структурата на датотеката и папката. Не зачувувајте друг вид датотеки или непотребни папки на УСБ-уред што содржи аудиодатотеки.
- Системот може да репродуцира само до длабочина од 8 папки.
- Овој систем не ги поддржува задолжително сите функции на поврзаниот УСБ-уред.
- Датотеките и папките се прикажуваат по редоследот на нивното создавање на УСБ-уредот.
- Папките што немаат аудиодатотеки се прескокнуваат.
- Аудиформатите што може да ги слушате со овој систем се следните:
  - MP3: наставка на датотека „.mp3“
  - WMA: наставка на датотека „.wma“

  Имајте предвид дека дури и кога името на датотеката ја содржи точната наставка, но ако вистинската датотека се разликува, системот може да предизвика шум и може да доведе до неправилна работа на системот.

**Употреба на системот како полнач на батерии**
Може да го користите системот како полнач за УСБ-уреди што имаат функција за повторно полнење кога системот е вклучен.
Полнењето започнува кога УСБ-уредот ќе се поврзе во ⭠ портата (USB) 9.
Статусот на полнење се појавува на приказот кај УСБ-уредот. Погледнете го упатството за корисниците на УСБ-уредот за повеќе детали.

**Забелешки за полнењето на УСБ-уредот со овој систем**
- Не може да го користите системот како полнач на батерии кога е исклучен.
- Некои УСБ-уреди може да се полнат само кога системот е во функција за УСБ.

# Создавање сопствена програма (репродукција на програма)

1 Изберете ја функцијата CD или USB.
Притиснете CD [22] или USB [22].

2 Изберете го режимот на репродукција.
Притискајте PLAY MODE [14] повторливо сè додека не се појави „PROGRAM“ кога плеерот е запрен.

3 Изберете го бројот на саканата песна или датотека.
Притискајте ⏮/⏭ [5] повторливо сè додека не се појави бројот на саканата песна или датотека.
При програмирање датотеки со MP3/WMA, притискајте 🗀 +/🗀 — [20] повторливо за да ја изберете саканата папка и потоа изберете ја сакната датотека.



Број на избрана песна или датотека

Вкупното преостанато време за репродукција на избраните песна или датотек (само за дискови CD-DA)

4 Програмирајте ги избраната песна или датотека.
Притиснете ⊕ [16] за да ги внесете избраната песна или датотека.

5 Повторете ги чекорите од 3 до 4 за да програмирате дополнителни песни или датотеки, најмногу 64 песни или датотеки.

6 Притиснете ► [2] за да ја репродуцирате програмата со песните или датотеките.
Програмата е достапна сè додека спорведувате една од следните операции:
— промена на функцијата.
— исклучување на системот.
— извлекување на кабелот за напојување.
— отворање на одделот за ЦД.
Притиснете ► [2] за да ја репродуцирате истата програма одново.

**Откажување на репродукција на програма**
Притиснете PLAY MODE [14].

**Бришење на последната песна или датотека во програмата**
Притиснете CLEAR [18] кога е запрен плеерот.

# Употреба на аудиокомпоненти по избор

1 Подгответе го изворот на звук.
Поврзете дополнителна аудиокомпонента на приклучокот за AUDIO IN [B] на главниот уред користејќи аналоген аудиокабел (не се доставува).

2 Намалете ја јачината на звукот.
Притиснете VOLUME — [8].

3 Изберете ја функцијата AUDIO IN.
Притиснете AUDIO IN [22].

4 Започнете со репродукцијата.
Започнете ја репродукцијата на поврзаната компонента и прилагодете ја јачината на звукот.

**Забелешка**
Системот автоматски ќе влезе во режим за мирување ако нивото на јачината на звукот на поврзаната компонента е прениско. Соодветно прилагодете ја јачината на звукот на поврзаната компонента. Видете „Исклучување на функцијата за автоматско влегување во режимот за мирување“.

# Adjusting the sound

| За | Притиснете |
|---|---|
| Прилагодување на јачината на звукот | VOLUME +/— [8]. |
| Емитување на подинамичен звук | BASS BOOST [15]. |
| Поставување на звучниот ефект | EQ [25] повторливо сè додека не се прикаже саканиот звучен ефект. |

# Промена на приказот

| За | Притиснете |
|---|---|
| Промена на информациите на приказот* | DISPLAY [23] повторливо кога е вклучен системот. |
| Проверка на часовникот кога е исклучен системот | DISPLAY [23] кога е исклучен системот. Часовникот се прикажува 8 секунди. |

* На пример, може да ги прегледате информациите за CD/MP3/WMA-дискот или информациите за УСБ-уредот, како што се:
— песната или датотеката во текот на нормалната репродукција.
— песната, датотеката или името за насловот во текот на нормалната репродукција.
— името на изведувачот во текот на нормалната репродукција.
— името на албумот или папката во текот на нормалната репродукција.
— вкупното време за репродукција и вкупното време на песните на CD-DA-диск (само кога е избран режимот за нормална работа и плеерот е застанат).
— вкупниот број на папките (албумите) на MP3/WMA-дискот или на УСБ-уредот (само кога е избран режимот за нормална работа и плеерот или УСБ-уредот се застанати).

**Забелешки за информациите на приказот**
- Знаците што не може да се прикажат се појавуваат како „_“.
- Следното не се прикажува:
  — вкупното време за репродукција на MP3/WMA-дискот и на УСБ-уредот.
  — преостанатото време за репродукција на датотека со MP3/WMA.
- Следното не се прикажува правилно:
  — поминатото време на датотеката со MP3/WMA кодирана со VBR (различна стапка на битови).
  — имињата на папките и датотеките што не се во согласност со форматот за наставки ISO9660 Level 1, Level 2 или Joliet.
- Следното се прикажува:
  — преостанатото време за репродукција на песна.
  — Информациите со ID3-ознаки за датотекит со MP3 кога се користат ознаките ID3, верзија 1 и верзија 2 (приказот на информациите на ознака ID3, верзија 2 има предност кога за една датотека со MP3 се користат ознаките ID3, верзија 1 и верзија 2).
  — до 31 знак на информациите со ID3-ознаките користејќи големи букви (од A до Z), броеви (од 0 до 9) и симболи (+ − . / [ ] _ | ~).

# Употреба на тајмерите

Системот нуди две функции за тајмерот. Ако ги користите двата тајмера, приоритет има тајмерот за заспивање.

**Тајмер за заспивање:**
Може да заспиете со музика. Оваа функција работи дури и кога часовникот не е наместен.
Притискајте SLEEP [24] повторливо.
Ако изберете „AUTO“, системот автоматски се исклучува откако тековната песна или УСД-уредот запрат или во рок од 100 минути.

**Тајмер за репродукција:**
Можете да се разбудите со музика од ЦД, FM-прием, УСБ-уред или со друга аудиокомпонента поврзана во приклучокот AUDIO IN [B] во претходно поставено време.
Проверете дали сте го наместиле часовникот.

1 Подгответе го изворот на звук.
Подгответе го изворот на звук и потоа притиснете VOLUME +/— [8] за да ја прилагодите јачината на звукот.
Создајте своја програма за да започнете од одредена песна на ЦД-то или од аудиодатотека.

2 Изберете го режимот за поставување на тајмерот.
Притиснете TIMER MENU [25].
Системот нема да влезе во режимот за поставување на часовникот ако истиот не е поставен. Во тој случај, поставете го часовникот.

3 Поставете го тајмерот за репродукција.
Притискајте ⏮/⏭ [5] повторливо за да изберете „PLAY SET“ и потоа притиснете ⊕ [16].

4 Поставете го времето за почеток на репродукцијата.
Притискајте ⏮/⏭ [5] повторливо за да го поставите часот и потоа притиснете ⊕ [16]. Употребете ја постапката погоре за да ги поставите минутите.

5 Користете ја истата постапка како во чекор 4 за да го поставите времето за прекин на репродукцијата.

6 Изберете го изворот на звук.
Притискајте ⏮/⏭ [5] повторливо сè додека не се појави саканиот извор на звук, а потоа притиснете ⊕ [16].

7 Исклучете го системот.
Притиснете I/⏻ [10]. Системот автоматски се вклучува пред претходно поставеното време.
Ако системот се вклучи во претходно поставеното време, тајмерот за репродукција нема да се огласи.
Не ракувајте со системот од времето кога ќе се вклучи системот до времето додека не започне репродукцијата.

**Проверка на поставката**
1 Притиснете TIMER MENU [25].
2 Притискајте ⏮/⏭ [5] повторливо за да изберете „SELECT“, а потоа притиснете ⊕ [16].
3 Притискајте ⏮/⏭ [5] повторливо за да изберете „PLAY SEL“, а потоа притиснете ⊕ [16].

**Откажување на тајмерот**
Повторете ја истата постапка од погоре додека не се појави „OFF“ како во чекор 3, а потоа притиснете ⊕ [16].

**Промена на поставката**
Започнете оод почеток од чекор 1.

**Совет**
Поставката на тајмерот за репродукција останува важечка сè додека не се откаже рачно.

# Решавање проблеми

1 Проверете дали кабелот за напојување и каблите за звучниците се поврзани правилно и безбедно.

2 Пронајдете го проблемот во списокот подолу и направете ја наведената поставка за поправка.
Контактирајте со најблискиот продавач на Sony ако проблемот опстојува.

**Ако се појавува „PROTECT“ на приказот.**
Веднаш извлечете го кабелот за напојување и проверете ги следните ставки откако „PROTECT“ ќе исчезне.
- Дали каблите за звучниците + и — имале краток спој?
- Дали нешто ги блокира отворите на вентилацијата на системот?

Поврзете го кабелот за напојување одново и вклучете го системот откако ќе ги проверите овие ставки и ќе потврдите дека сè е во ред. Контактирајте со најблискиот продавач на Sony ако проблемот опстојува.

## Општо

**Системот не се вклучува.**
- Дали кабелот за напојување е поврзан?

**Системот неочекувано влезе во режимот за мирување.**
- Ова не е дефект. Системот автоматски влегува во режимот за мирување ако во текот на 30 минути немало операција или излезен аудиосигнал. Видете „Исклучување на функцијата за автоматско влегување во режимот за мирување “.

**Поставката за часовникот или тајмерот за репродукција се неочекувано откажани.**
- Ако помине околу една минута без операција, поставката за часовникот или поставката за тајмерот за репродукција се откажуваат автоматски. Изведете ја операцијата повторно од почетокот.

**Нема звук.**
- Дали каблите за звучниците + и — имале краток спој?
- Дали ги користите само доставените звучници?
- Дали нешто ги блокира отворите на вентилацијата на системот?
- Одредената станица можеби привремено престанала да емитува.

**Звукот доаѓа од еден канал или јачината на тонот одлево и оддесно не е рамномерна.**
- Поставете ги звучниците што е можно посиметрично.
- Поврзете ги само доставените звучници.

**Остар шум или бучава.**
- Поместете го системот подалеку од извори на бука.
- Поврзете го системот во друг ѕиден штекер.
- Поставете филтер за шум (достапен е засебно) на кабелот за напојување.

**Далечинскиот управувач не работи.**
- Отстранете ги сите пречки меѓу далечинскиот управувач и сензорот за далечинскиот управувач [11] на уредот и поставете го уредот подалеку од флуоросцентно осветлување.
- Насочете го далечинскиот управувач кон сензорот на системот.
- Поместете го далечинскиот управувач поблиску до системот.

## Плеер за ЦД/MP3/WMA

**Звукот прескокнува или дискот не се репродуцира.**
- Избришете го дискот и ставете го одново.
- Поставете го системот на локација што е подалеку од вибрации (на пример, врз стабилен држач).
- Поместете ги звучниците подалеку од системот или поставете ги на засебни држачи. Вибрациите од звучниците може да предизвикаат прескокнување на звукот кога јачината на звукот е голема.

**Репродукцијата не започнува од првата песна.**
- Вратете се во режимот за нормална репродукција со постојано притискање на PLAY MODE [14] сè додека не исчезнат „PROGRAM“ и „SHUF“.

**Почетокот на репродукцијата трае подолго од обично.**
- Следните дискови можат да го зголемат времето потребно за почеток на репродукцијата:
  — диск снимен со комплицирана структура на дрво.
  — диск снимен во режим за повеќе сесии.
  — нефинализиран диск (диск на којшто може да се додаваат податоци).
  — диск со многу папки.

## УСБ-уред

**Поврзаниот УСБ-уред не може да се полни.**
- Проверете дали УСБ-уредот е безбедно поврзан.
- Некои УСБ-уреди може да се полнат само кога системот е во функција за УСБ.

**Дали користите поддржан УСБ-уред?**
- Може да настанат следниве проблеми ако поврзете УСБ-уред што не се поддржува. Проверете ги информациите на веб-страниците за компатибилните УСБ-уреди или на УРЛ-адресите наведени кај „Репродукција на датотека од УСБ-уред“.
  — УСБ-уредот не се препознава.
  — Имињата на датотеките или папките не се прикажуваат на овој систем.
  — Репродукција не е можна.
  — Звукот скока.
  — Има бучава.
  — Се слуша изобличен звук.

**Се појавува „OVER CURRENT“.**
- Откриен е проблем со нивото на електрична струја кај портата ⭠ (USB) [9]. Исклучете го системот и извадете го УСБ-уредот од портата ⭠ (USB). [9]. Проверете дека има проблем со УСБ-уредот. Контактирајте се до најблискиот продавач на Sony ако шемата на приказот опстојува.

**Нема звук.**
- УСБ-уредот не е правилно поврзан. Исклучете го системот и потоа повторно поврзете го УСБ-уредот.

**Има бучава, скокање или изобличен звук.**
- Исклучете го системот и потоа повторно поврзете го УСБ-уредот.
- Самите музички податоци содржат бучава или звукот е изобличен. Веројатно шумот бил внесен кога се создавале музичките податоци заради условите на компјутерот. Создајте ги музичките податоци одново.
- Бит-стапката што се користела за кодирање на аудиодатотеките е ниска. Испратете датотеки кодирани со повисоки бит-стапки до УСБ-уредот.

**„SEARCH“ се прикажува подолго време или трае долго за да започне репродукцијата.**
- Процесот на читање може да трае долго време во следниве случаи.
  — Постојат многу папки или датотеки на УСБ-уредот.
  — Структурата на датотеките е премногу сложена.
  — Капацитетот на меморијата е надминат.
  — Внатрешната меморија е фрагментирана.

**Погрешен приказ.**
- Испратете ги музичките податоци до УСБ-уредот одново бидејќи податоци складирани на УСБ-уредот веројатно не се правилни.
- Кодовите на знаците што може даги прикаже системот се само броеви и букви. Другите знаци не се прикажуваат правилно.

**УСБ-уредот не се препознава.**
- Исклучете го системот и повторно поврзете го УСБ-уредот, а потоа вклучете го системот.
- Проверете ги информациите на веб-страниците за компатибилните УСБ-уреди или на УРЛ-адресите наведени кај „Репродукција на датотека од УСБ-уред“.
- УСБ-уредот не работи правилно. Погледнете го упатството за работа за УСБ-уредот за тоа како да го решите овој проблем.

**Репродукцијата не започнува.**
- Исклучете го системот и повторно поврзете го УСБ-уредот, а потоа вклучете го системот.
- Проверете ги информациите на веб-страниците за компатибилните УСБ-уреди или на УРЛ-адресите наведени кај „Репродукција на датотека од УСБ-уред“.
- Притиснете ► [2] за да ја започнете репродукцијата.

**Репродукцијата не започнува од првата песна.**
- Поставете го режимот за репродукција во режим за нормална репродукција.

**Одредени датотеки не може да се репродуцираат.**
- Веројатно аудиодатотеките имаат несоодветни наставки за датотеки. Наставките за датотеки што ги поддржува овој систем се следните:
  — MP3: наставка на датотека „.mp3“
  — WMA: наставка на датотека „.wma“
- Веројатно аудиодатотеките биле создадени во формати што не се формати за MP3/WMA.
- Не се поддржуваат УСБ-уредите за складирање што се форматирани со системи на датотеки поинакви од FAT16 или FAT32.*
- Ако користите УСБ-уред за складирање со партиции, ќе се репродуцираат само аудиодатотеките на првата партиција.
- Не може да се репродуцираат датотеки кодирани или заштитени со лозинки и слично.

* Овој систем поддржува FAT16 и FAT32, но одредени УСБ-уреди за складирање не ги поддржуваат сите овие табели за адресирање датотеки - FAT. Погледнете го упатството за работа за секој УСБ-уред за складирање за повеќе детали или контактирајте со производителот.

## Приемник

**Има остар шум или бука или станиците не можат да се примат.**
- Поврзете ја антената правилно.
- Обидете се со друго место и друга насока на антената за подобар прием.
- Поставете ја антена подалеку од каблите за звучниците и од кабелот за напојување зада избегнете прибирање шум.
- Исклучете ја електричната опрема воблизина.

**Се слушаат неколку радиостаници истовремено.**
- Обидете се со друго место и друга насока на антената за подобар прием.
- На пример, соберете го кабелот за антената со комерцијално достапни спојници за кабли и прилагодете ја должината на кабелот.

## Ресетирање на системот на фабричките поставки

Ресетирајте го системот на фабричките поставки ако не работи правилно.

1 Исклучете го и повторно приклучете го кабелот за напојување, а потоа вклучете го системот.

2 Држете притиснато ■ [3] на далечинскиот управувач и на EQ [4] на уредот сè додека не се појави „RESET OK“.
Сите поставки што ги конфигурирал корисникот, како меморираните радиостаници, тајмерот и часовникот ќе се избришат.

## Исклучување на функцијата за автоматско влегување во режимот за мирување

Овој систем е опремен со функција за автоматско влегување во режимот за мирување. Со оваа функција, системот автоматски влегува во режимот за мирување ако 30 минути немало никаква операција или излезен аудиосигнал. Зададено, функцијата за автоматско влегување во режимот за мирување е вклучена.
Исклучете ја функцијата за автоматско влегување во режимот за мирување преку копчињата на уредот.

Држете притиснато I/⏻ [10] кога е вклучен системот сè додека несе појави „AUTO STANDBY OFF“.
Повторувајте ја постапката сè додека не се појави „AUTO STANDBY ON“ за да ја вклучите функцијата.

**Забелешки**
- Функцијата за автоматско влегување во режимот за мирување не е валидна заедно со функцијата за FM.
- Системот може да не влезе автоматски во режимот за мирување во следните случаи:
  — кога ќе се открие аудиосигнал.
  — кога е поврзан УСБ-уред.
  — во текот на репродукција на аудиозаписи или датотеки.
  — кога е во тек работа на веќе поставените тајмери за репродукција или за заспивање.

# Пораки

**DISC ERR:** сте ставиле диск што не може да се репродуцира.
**FULL:** сте се обиделе да програмирате повеќе од 64 песни или датотеки (чекори).
**NO FILE:** нема датотеки што може да се репродуцираат на CD-R/CD-RW-дисковите или на УСБ-уредот.
**NO STEP:** избришани се сите програмирани песни.
**NO USB:** нема поврзан УСБ-уред или поврзан е неподдржан USB уред.
**PLAY SET:** сте се обиделе да изберете тајмер кога нема поставено тајмер за репродукција.
**PLS STOP:** сте притиснале PLAY MODE [14] во текот на репродукцијата.
**SELECT:** сте притиснале TIMER MENU [25] додека работи тајмерот.
**TIME NG:** времињата за почеток и крај на тајмерот за репродукција се исти.

# Мерки за претпазливост

**Дискови што овој систем МОЖЕ да ги репродуцира**
- Audio CD
- CD-R/CD-RW (аудиоподатоци/датотеки со MP3/WMA)

**Дискови што овој систем НЕ МОЖЕ да ги репродуцира**
- CD-ROM
- CD-R/CD-RW освен оние снимени во ЦД-формат за музика во согласност со ISO9660 ниво 1/ниво 2 или Joliet
- CD-R/CD-RW снимен со повеќе сесии што не биле затворени со „затворена сесија“
- CD-R/CD-RW со слаб квалитет на снимање, CD-R/CD-RW што имаат гребнатинки или се валкани или CD-R/CD-RW снимени со некомпатибилен уред за снимање
- CD-R/CD-RW што е неправилно завршен
- Дискови што содржат датотеки што не се MPEG 1 Audio Layer-3 (MP3)/датотеки со WMA
- Дискови со нестандарден облик (на пример срце, квадрат, ѕвезда)
- Дискови на коишто е залепена леплива лента, хартија или лепенка
- Изнајмени или користени дискови со пломби каде лепилото излегува околу пломбата
- Дискови со печатени ознаки направени со мастило лепливо на допир

**Забелешки за дисковите**
- Избришете го дискот со крпа за чистење од центарот кон рабовите пред репродукција.
- Не чистете ги дисковите со растворувачи како што се бензин, разредувач, комерцијално достапни средства за чистење или антистатичен спреј наменет за винилни плочи.
- Не изложувајте ги дисковите на директна сончева светлина или на топлотни извори како што се каналите за топол воздух или не оставајте ги во автомобил паркиран на директна сончева светлина.

**Безбедност**
- Целосно отстранете го кабелот на напојување (главен вод) од ѕидниот штекер (главен вод) ако нема да го користите подолг временски период. Секогаш држете го приклучокот кога го исклучувате системот од напојување. Никогаш не влечете го кабелот.
- Исклучете го системот и повикајте квалификувано лице да го провери пред да го користите пак ако цврст објект или течност навлегле во системот.
- Кабелот за напојување со наизменична струја може да се замени само во квалификуван сервис.

**Поставување**
- Не поставувајте го системот во накосена положба или на места што се екстремно жешки, ладни, прашливи или влажни или немаат соодветна вентилација или се предмет на вибрации, директна сончева светлина или јака светлина.
- Внимавајте кога ги поставувате уредот или звучниците на површини коишто се особено третирани (на пример, со восок, масло, средство за полирање) бидејќи како резултат може да се предизвикаат дамки или обезбојување на површината.
- Ако системот се внесува директно од ладно на топло место или се поставува во многу влажна просторија, влагата може да се кондензира на леќите во ЦД-плеерот ида предизвика дефект на системот. Во тој случај, извадете го дискот и оставете го системот вклучен околу еден час сè додека не испари влагата.

**Акумулирање топлина**
- Загревањето на уредот за време на работата е нормално и не е причина за аларм.
- Не допирајте го куќиштето ако се користи постојано со голема јачина на звукот затоа што е жешко.
- Не блокирајте ги отворите за вентилација.

**Систем на звучници**
Овој систем на звучници не е магнетно заштитен и сликата на блиските телевизори може да се искриви под влијание на магнетното поле. Во тој случај, исклучете го телевизорот, почекајте од 15 до 30 минути и вклучете го пак. Поставете ги звучниците подалеку од телевизорот ако нема подобрување.

**Чистење на куќиштето**
Чистете го овој систем со мека крпа делумно натопена со слаб раствор на детергент. Не користете каков било вид абразивни перничиња, прашок за чистење или растворувачи, како што се разредувачи, бензин или алкохол.

# Спецификации

**Главен уред**

**Дел со засилувач**
Излезна моќност (номинално):
4 вати + 4 вати (8 оми при 1 kHz, 1% THD)
Постојана RMS-излезна моќност (референца): 5 вати + 5 вати (8 оми при 1 kHz, 10% THD)

**Влез**
AUDIO IN (мини стереоприклучок):
Чувствителност 1 V, пречки 50 килооми

**Излези**
SPEAKERS: Прифаќа пречки од 8 оми

**Дел на ЦД-плеерот**
Систем: Компактен диск и дигитален аудиосистем
Својства на ласерската диода
Времетраење на емисија: Продолжено
Излез за ласер*: Помалку од 44,6 µW
* Овој излез е мерка за вредност на растојание од 200 мм. од површината на леќата на објективот на Оптичкиот блок за прибирање со отвор од 7 мм.
Реакција на фреквенција: 20 Hz — 20 kHz
Соодност на сигнал наспроти шум: Повеќе од 90 dB
Динамички опсег: Повеќе од 90 dB

**Дел со приемникот**
Приемник за стерео FM, суперхетеродин FM
Антена: Антена за FM
Опсег на пребарување: 87,5 MHz — 108,0 MHz (во чекори од 50 kHz)

**Дел за УСБ**
⭠ порта за (USB): Тип A, максимална јачина на струја од 500 mA

**Поддржани формати на аудио**
Поддржана бит-стапка:
MP3 (MPEG 1 Audio Layer-3): 32 kbps — 320 kbps, VBR
WMA: 32 kbps — 192 kbps, VBR
Одмерени фреквенции:
MP3 (MPEG 1 Audio Layer-3): 32/44,1/48 kHz
WMA: 44,1 kHz

**Звучник**
Систем на звучници: Целосен опсег, дијаметарод 8 см. конусен облик
Проценети пречки: 8 оми
Димензии (Ш/В/Д) Приближно 148 мм × 240 мм × 127 мм
Тежина: Околу 1.2 кг по звучник
Количина: 2 парчиња

**Општо**
Побарувања за напојување: AC 120 V — 240 V, 50/60 Hz
Потрошувачка на струја: 18 вати
Димензии (Ш/В/Д со најголемите испакнатини) (без звучници): Околу 170 мм × 133 мм × 240 мм
Тежина (без звучници): Околу 1,3 кг
Количина од главни уреди: 1 парче

Доставена дополнителна опрема: Далечинскиуправувач (1), антена за FM (1), подлошки за звучниците (8)

Дизајнот и спецификациите подлежат на промени без претходно известување.

- Потрошувачка на струја при мирување: 0,5 W
- Не се користени халогенирани забавувачи на пламен кај одредени печатени електрични плочи.